РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02 -2305/5
22.09.2023 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), и член 34 и член 35 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019 и 607/2022) постапувајќи по предлог - одлуката на Деканатската управа бр. 02-2305/3 од 7.9.2023 година, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 14.9.2023 година, донесе

# О Д Л У К А
***за запишување од 36 до 40 ЕКТС кредити***

**ЧЛЕН 1**

Студентот со остварен просечен успех од 8.50 – 10.00 има право на запишување од 36 до 40 ЕКТС кредити при упис на семестар.

За да го оствари правото на запишување од став 1 на овој член студентот не е должен да ги има положено сите предвидени испити со студиската програма од претходните семестри.

Одредбата од став 1 на овој член не се применува за студентите кои ги имаат положено сите испити утврдени со студиската програма за соодветниот зимски односно летен семестар.

**ЧЛЕН 2**

По исклучок од член 1 став 1 на оваа одлука, на студентот со остварен просечен успех под 8.50 ќе му се дозволи запишување од 36 до 40 ЕКТС кредити при упис на семестарот доколку со тоа на студентот му се овозможува да ги запише последните предмети предвидени со студиската програма во семестарот со соодветна парност.

**ЧЛЕН 3**

За остварување на правото од член 1 и член 2 на оваа одлука, студентот поднесува барање со образложение до Одделението за студентски прашања.

По барањето одлучува Продеканот за наставни и студентски прашања, врз основа на извршена проверка во досието на студентот од Одделението за студентски прашања.

**ЧЛЕН 4**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019 и 464/2021- анекс ), Наставно - научниот совет на Факултетот во Скопје, на седницата одржана на 14.09.2023 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Александар Скепаровски

Да се достави до:
- Архива;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Институти;
- Секретар;
- Одделение за студентски прашања
- Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење
- ВЕБ страна на Факултетот

Изработил: Јадранка Стојчевска
Одобрил: Васка Маневска